Трговско радиодифузно друштво
ТВ МТМ ДООЕЛ
Бр. 3021/21
13.12 2021 год.
СКОПЈЕ

MTM 1 СКОПСКА
"Методија Андонов - Ченто" бр. 10/1-6 40 1000 Скопје
02/2521-003; 071/210-152 office@mtm.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КАРПОШ
„СОВЕТ НА ОПШТИНАТА"
ПРИМЕНО: 14.12.2021

| Орг. ед. | Број: | Прилог | Вредност |
|---|---|---|---|
| 09 | 8394 | 2 | – |

Општина Карпош
-Претседател на Советот на општината
-Градоначалник

**Понуда за пренос во живо на седниците на Советот на Општина Карпош**

Согласно уредувачката независност, професионалната предаденост на гледачите и нивното почитување, објективноста во програмските содржини и планираните развојни тенденции, ТРД ТВ МТМ-прва скопска телевизија, Ви доставува **Понуда за пренос во живо на седниците на Советот на Општина Карпош.**
ТРД ТВ МТМ е првата телевизија, која во 1992 година има добиено Дозвола за емитување програма во скопскиот регион. Денес, согласно Дозволата од ААВМУ, таа е регионален програмски сервис со DVB-T free to air сигнал и нејзината програма е достапна до секој гледач, независно дали во своето домаќинство има или нема кабелски приклучок. Програмата, исто така се реемитува на сите каблески, Ип тв и други платформи во скопскиот Д1 регион (Скопје, Илинден, Петровец, Зелениково, Сопиште, Студеничани, Чучер Сандево, Арачиново).

Според најновите програмски истражувања, информацијата има големо влијание кога е испратена во транспарентна форма, особено кога доаѓа од институции каде се носат одлуки од јавен интерес. Оттука сосема е легитимно, информациите кои се однесуваат на сите аспекти на урбаното живеење во општината и градот да бидат реално достапни за целата публика... како за нив се дебатира и како истите стануваат одлуки. Токму затоа нашата телевизија Ви нуди можност за пренос на седниците на Советот на општината, а доколку имате потреба и пренос од седниците на комисиите. Целта е јасно информирање на жителите за сите одлуки и постапки во реално време. За да ја реализира оваа програмска форма, телевизијата нуди професионални технички капацитети и програмско време на принцип на деловна соработка.

Соработката може да се спроведе на два високо професионални начина:
-Снимање и емитување со комплетна кадровско-техничка екипа и емитување во живо во етерот на ТВ МТМ – прва скопска, со цена на чинење од 154.500,00 денари +ддв за една седница (независно од нејзиното времетраење).
-Емитување со преземање на готов сигнал и емитување во етерот на ТВ МТМ – прва скопска, со цена на чинење од 61.800,00 денари +ддв за една седница (независно од нејзиното времетраење).
Сите програмско-технички детаљи ќе бидат предмет на понатамошни консултации и договарања.

13.12.2021

ТРД ТВ МТМ ДООЕЛ, Скопје
Управител Гордана Андреевска

ТВ МТМ ДООЕЛ Скопје